Бр./Nr 12-1535/2

06-08-2024 г./v.



Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и членот 40 став 1 и 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница, на ден 01.08.2024 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1535/1 од 30.04.2024 година против ---- ------ - Градоначалник на Општина ----------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека не се констатирани повреди на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик.

Предметот со број 12-1535/1 од 30.04.2024 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 30.04.2024 година, е поднесена пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Претседателски и Парламентарни избори 2024 година, по која е оформен предмет број 12-1535/1 од 30.04.2024 година.

Пријавата е поднесена против градоначаникот на Општина -----------, за кого се наведува дека спротивно на чл.8-а од Изборниот законик отпочнува проекти односно изградба на улици во населено место --------- и за истото се рекламира на официјалниот Фејсбук профил. Во прилог е доставена екранска снимка од објава на Фејсбук и линк до истата објава.

Со алинејата 1 од членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси чиј наслов гласи „Забрана за нови инвестиции и вонредни исплати„ , е пропишано дека од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може: - да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година. Истото е пропишано и со членот 8-а став 1 алинеа 1 од Изборниот законик.

Во ставот 2 од членот 8 а од Изборниот законик е пропишано дека во периодот од 20 дена пред започнувањето на изборна кампања па до завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите и до завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може- да се одржуваат јавни настани по повод започнувањето на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти. Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира особено давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.

Во конкретниот случај ДКСК постапувајќи по предметната пријава изврши увид во Записникот од 25 – та редовна седница на Советот на Општина ------- одржана на ден 09.11.2023 година и утврди дека Советот едногласно го усвоил Планот на програми за развој за период 01.01.2024 година до 31.12.2024 година со кој е предвидена изградба на улици, реконструкција и рехабилитација на улици во ------- и населени места во вкупна вредност од 45.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, кој проект се финансира целосно од буџетски средства на Општина ---------.

Оттука, имајќи ги предвид релевантните законски одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик кои се погоре цитирани, ДКСК

констатира дека пријавеното службено лице нема сторено повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик, поради тоа што во конкретниот случај станува збор за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година за изградба и реконструкција на улици, во кој случај постои исклучок од забраните за нови инвестиции.

Во однос на објавувањето на содржини за реализација на тековни активности во општината за време на изборна кампања, на официјален профил на Градоначалникот на општината на социјалните мрежи, ДКСК утврди дека според законот тие дејствија не се сметаат за одржување на јавни настани по повод започнување на изградба на објекти и во таа смисла не претставуваат постапување спротивно на забраните од членот 8 а став 2 од Изборниот законик.

Од наведените причини, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.,П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК